ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-3957/12
Дата, Data 17-07-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници *(Службен Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014,48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18, и службен весник на РСМ БР.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 И 208/24)*, Предлогот за вработување на кандидати бр.10-1462/9 од 15.07.2026 год. по Јавен оглас 364/2026, в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување на административен службеник**
**по јавен оглас бр. 364/2026**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.364/2026 во ЈП Водовод и канализација Скопје:

   - За работно место Виш Соработник за меѓународна соработка и проекти во Одделение за меѓународна соработка и проекти, со шифра **КДР0102В02014** во **Сектор за меѓународна соработка, проекти и односи со јавност, ниво В02**, 1 (еден) извршител, се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код **FBB6FB2** и се избира кандидатот **Викторија Станкова**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

В.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа на Годишниот план за вработување за 2026 година бр.0302-6406/1 од 29.08.2025 година и позитивното мислење на Годишниот план за вработување за 2026 година со арх бр. 29.12.2025 година, Измената и дополнување на Годишниот план за вработување 2026 година бр.0302-441/1 од 27.01.2026 година и позитивното мислење за истиот од страна на МЈА бр.09-664/4 од 17.02.2026 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 06.06.2026 година објави јавен оглас бр. 364/2026 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1462/5 од 11.05.2026 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник арх.бр. 10-1462/6 од 25.06.2026 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник бр. 10-1462/8 од 09.07.2026 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-1462/8 од 14.07.2026 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работни места од оглас бр.364/2026 година со бр.10-1462/9 од 15.07.2026 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА***: *Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

ЈП водовод и канализација Скопје
в.д. Директор,
М-р Иван Митровски

**Доставено до:**
- **Архива**
- **Именуваниот**
- **Сектор Човечки ресурси**
- **Агенција за администрација**

Изготвил: Драган Панчевски
Контрилирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов